Врз основа на членот 13 од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18), в. в. со членот 6 и членот 15 точките 1.1. и 1.2. од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар бр.01-440/3 од 28.12.2022 година и бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година, в. д. директорот на Државниот испитен центар, донесе:

# К О Н К У Р С

***за избор на надворешни соработници– преведувач и независен читач***

Државниот испитен центар повторно распишува Конкурс за избор на надворешни соработници – преведувач и независен читач, за потребите на државната матура.

Надворешните соработници се ангажираат во улога на:

1. ***преведувач****–еден надворешен соработник за превод од македонски јазик на турски јазик и обратно за предметот* **Математика** и
2. ***независен читач****–еден надворешен соработник за предметот* ***Турски јазик и литература.***

**Потребни квалификации за преведувач на испитните материјали од државната матура:**
Кандидатите кои конкурираат за преведувач на испитните материјали од државната матура, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставниците од соодветниот наставен предмет во средните училишта во РСМ или од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија за соодветниот предмет, односно соодветната област;
- да имаат најмалку 3 години работно искуство во настава;
- да бидат одлични познавачи на изворниот јазик (јазикот од кој се преведува материјалот) и на целниот јазик (јазикот на кој се преведува материјалот).

**Кандидатите за преведувач на испитните материјали од државната матура потребно е да ги достават следните документи:**

- пријава (формулар поставен на веб-страницата на Државниот испитен центар);
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 години како наставник од соодветниот предмет издадена од средните училишта во РСМ или како дел од наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија за соодветниот предмет, односно соодветната област, издадена од универзитетите во Република Северна Македонија.

**Потребни квалификации за независен читач:**
Кандидатите кои конкурираат за независен читач, треба да ги исполнуваат следните услови:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да се од редот на наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија од соодветниот предмет, односно соодветната област;
- да имаат најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност;

- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција за соодветната област.

**Кандидатите за независен читач потребно е да ги достават следните документи:**

- пријава (формулар поставен на веб-страницата на Државниот испитен центар);
- копија од уверението/дипломата за соодветно високо образование;
- копија од уверението/дипломата за образование од втор циклус од соодветната област;
- оригинал потврда за заснован редовен работен однос како дел од наставно-научниот или стручниот кадар од универзитетите во Република Северна Македонија од соодветниот предмет, односно соодветната област и соодветно работно искуство од најмалку 5 години во воспитно-образовна или научна дејност;
- копија од првата страница од објавените стручни, односно научни трудови кои се во функција на за соодветната област.

Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а кандидатите кои ќе влезат во вториот круг ќе бидат интервјуирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои ќе бидат избрани ќе бидат ангажирани за период од ***две години***.

Заинтересираните кандидати можат да ги достават потребните документи **најдоцна до 3.5.2023 година**.

Ненавремената, невалидна и некомплетна документација, нема да се земе предвид.

Пријавата со потребната документација се доставува со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: *Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов" б. б. 1000 Скопје,* со назнака за **јавен конкурс за надворешни соработници– преведувач и независен читач.**

**Дополнителни информации можат да се добијат на телефонскиот број 076/484-739, секој работен ден.**

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР